Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-468/15
17-10-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-468/1 од 24.06.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] о Скопје, против [redacted] во ООУ "Александар Македонски" од Скопје, за сторена дискриминација врз основа на лично својство – забавен моторички развој, проблеми со говор и дислексија на малолетниот син на подносителката – [redacted] во ООУ "Александар Македонски" од Скопје, во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** кон малолетниот [redacted] ученик во ООУ "Александар Македонски" од Скопје, сторено од страна на [redacted] ООУ "Александар Македонски" од Скопје и [redacted] во стручната служба при ООУ "Александар Македонски" од Скопје по основ на лично својство – забавен моторички развој, проблеми со говор и дислексија во областа на образованието.

## О б р а з л о ж е н и е

На 24.06.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) по електронски пат, беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против [redacted] во ООУ "Александар Македонски" од Скопје, за сторена директна дискриминација врз основа на лично својство – забавен моторички развој, проблеми со говор и дислексија, во областа на образованието.

Во претставката подносителката наведува дека нејзиното малолетно дете, [redacted] ученик во ООУ "Александар Македонски" од Скопје, бил жртва на булинг веќе неколку години, а главен поддржувач и поттикнувач за наведеното била [redacted] во ООУ "Александар Македонски" и наставничка на малолетното именувано дете, која според наводите манипулирала со децата од прво одделение и правела поделби и раздор во одделението. Таа ги поддржувала децата во вербалните напади и постојано го обвинувала синот на подносителката и ги терала останатите деца да зборуваат против него. Сето

наведено, според подносителката од причина што нејзиниот син бил со забавен развој и побавно го совладувал училишниот материјал споредено со неговите соученици па важел за лошо дете кое ништо не знае и бил мета на секојдневно исмејување. Последен таков напад се случил во период помеѓу 1ви и 10ти јуни 2024 година кога четири девојчиња од одделението го терале соученикот [redacted] да ги бакнува WC школките во училишниот тоалет. Истиот ден во вечерните часови истите девојчиња повикале нивна соученичка од дома за да играат криенка пред зградата каде живеат, ја терале таа да жмури, ја оставиле надвор,а тие се разбегале. Овој случај го пријавила мајката на малолетното девојче следниот ден, истиот ден кога подносителката дознала дека истите девојчиња го терале нејзиниот син да го прави горенаведеното во училишниот тоалет. Истиот ден [redacted] во Viber групата во која биле одделенските наставнички и родителите на учениците од одделението, побарала разговор со стручниот тим на училиштето и дополнителна родителска средба со родителите, директорката и вработените во стручната служба, но тоа според подносителката не било дозволено. Дента кога таа отишла на разговор во училиштето, со претходна најава, дознала дека психологот бил во одделението на нејзиниот син за да го решат проблемот. Но, тука според подносителката настанал поголем проблем. Според наводите, [redacted] му рекла на психологот – [redacted] да почне да разговара со другите ученици и да ги сослуша. Во присуство на наставнилката и стручното лице им било дозволено на девојчињата да кажуваат измислени приказни што правел синот на подносителката во текот на учебната година и според наводите, го „растргнуваат и газат пред целото одделение". Подносителката наведува дека ниту другата [redacted] ниту таа како мајка на ученикот [redacted] ниту било кој друг стручен соработник од училиштето, не биле запознати со ниту една од наведените работи што нејзиниот син ги правел. Подносителката наведува дека крајно непрофесионално и дискриминаторски и болен бил ударот кој две несовесни стручни лица му го задале на нејзиниот син кој не можел да се смири од целата ситуација за време на целото одење до нивниот дом. По завршувањето на средбата во одделението со учениците и психологот, мајката била примена на разговор кај психологот, но таа не се задржала на проблемот туку почнала со повишен тон да и се обраќа на мајката [redacted] и да го обвинува нејзиниот син дека тој правел проблеми во текот на цела училишна година, но дека таа сега дознала, па од дете жртва на секојдневен булинг го претставила како виновник. Единствен проблем според подносителката бил зошто родителите на учениците во одделението на нејзиниот син потпишале петиција против [redacted] Мајката заклучува дека именуваната истиот ден воопшто не отишла да го реши проблемот со кој се соочил нејизниот син туку „да го растргне и деградира пред целото одделение". Посочува дека се работи за дете кое две години посетувало психолог, специјален едукатор и логопед благодарение на „стручниот педагошки пристап" кој му го пружала [redacted]

На 02.07.2024 година, подносителката по електронски пат достави дополнување на претставката број 08-468/6 со кое достави документи со мислења за ученикот [redacted] и неговата работа со стручни тимови. Посочи дека со детето работи и специјален едукатор и педагог од училишната стручна служба од кои како наведува е презадоволна и посочува дека благодарение на соработката со училишниот специјален едукатор на детето му бил овозможен социјален пакет за самохрани родители, преку кој два пати неделно посетувал индивидуален третман од стручен тим во ЗГ „Мојот свет". Доказите опфаќаат медицински извештаи изготвени од ЈЗУ Здравствен дом – Скопје – Завод за ментално здравје – "Младост" со датуми од 26.12.2022 година, 20.10.2023 година 06.02.2023 година и од 22.05.2023 година. Воедно приложен е медицински извештај од ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербална комуникација – Скопје од 11.06.2024 година.

Во меѓувреме, на 26.06.2024 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави Барања за произнесување по наводи во претставката до [redacted] во ООУ "Александар Македонски", [redacted], заведено под број 08-468/3, до [redacted] во ООУ "Александар Македонски", [redacted] заведено под број 08-468/2, понатаму до вработените во стручната служба на ООУ "Александар Македонски", заведено под број 08-468/5, како и до директорката на ООУ "Александар Македонски" од Скојпје, [redacted] заведено под број 08-468/4.

Со оглед дека одговор не беше добиен во законски утврдениот рок од 15 дена, Комисијата на 23.07.2024 година достави и Ургенции заради прибавување на произнесувањата, и тоа до [redacted] во ООУ "Александар Македонски" од Скопје, [redacted], заведена под број 08-468/10, до одделенската наставничка во ООУ "Александар Македонски" од Скопје, [redacted] заведена под број 08-468/9, до вработените во стручната служба на ООУ "Александар Македонски" од Скопје, заведено под број 08-468/7, како и до директорката на ООУ "Александар Македонски" од Скојпје, [redacted] заведено под број 08-468/8.

На 25.07.2024 година во Комисијата е пристигнато произнесување по наводите во претставка заведено под број 03-318/5 од 09.07.2024 година на лицата од кои произнесување е побарано, а во Комисијата заведено со архивски број 08-468/11. Во произнесувањето од вработените во стручната служба на училиштето се наведува дека веднаш штом биле известени од наставниците за настанатата ситуација, во меѓусебна комуникација, училишниот психолог пристапил во паралелката и остварил разговор со учениците и одржал работилница на темата поврзана со настанот.
Од страна на стручен соработник специјален едукатор и рехабилитатор се истакнува дека со ученикот [redacted] релизираат индивидуални часови на кои ученикот покажувал интерес и високи постигнувања во рамките на неговите можности и

способности. Покрај соработката со ученикот, се наведува дека по потреба се соработува и со родителот и комуникацијата била на високо ниво.
Од страна на стручен соработник – педагог, се наведува дека во рамки на нејзините надлежности со ученикот [redacted] реализирала индивидуална работа на која ученикот покажувал зголемен интерес за училишните постигнувања како и за социјализацијата како клучен фактор во развојот на личноста.
Од страна на стручен соработник – психолог се наведува дека на 5ти јуни од стручниот соработник – специјален едукатор, добила сознанија дека се случил немил настан во паралелката III-3 во смена на одделенската [redacted]. Следниот ден била во паралелката на наставничката која била втора смена – во смена на психологот, [redacted] со намера да поразговара со учениците. Тие биле поттикнати да дадат и примери за свое однесување за кое се поучувани од дома, од наставниците, и знаат дека со таквото однесување би биле горди и пофалени и од службата и од родителите. Посочува дека – „Исказите на учениците се распределени во одделението, се балансирани од психологот како водител на дискусијата, - Учениците се потсетувани дека секој е потребно да размисли дали тоа што го прави е однесување на кое го учеле наставниците и родителите, - Дека е потребно да се обратат на наставниците/службите или другите возрасни во училиштето кога некој ги наведува да прават нешто друго што не е убаво, - Дека секој од нас, секој ученик/ученичка, наставник е дел од сите нас, е наш/а и со нашето внимателно однесување ќе направиме да ни биде подобро на сите, на секого од нас и – Дека за недозволените однесувања, особено ако се повторат ќе бидат превземени мерки, ќе се разговара со нивните родители и ќе се изречат педагошки мерки. Затоа што и убавото и неубавото однесување го засега секој од нас. Затоа секој да размисли што прави и зошто нешто прави или зошто наведува друг нешто да прави". Понатаму се наведува дека мајката истиот ден била примена во просториите на стручната служба непосредно по работата во одделението, за што имало и потпишан документ. Со неа било раговарано за работилницата, како и за совети и насоки за помош во постапување со ученикот во домот. Досегашната соработка со мајката од страна на психологот е пристапна, долготрајна и отворена, како се наведува во произнесувањето на психологот. Работата со ученикот подразбирала и посета на психологот во одделението, работа со ученикот во училница и во канцеларија во службата. Ученикот работел со задоволство и ентузијазам, покрај свое другарче или самостојно. Работата во одделението ќе се одвива и понатаму во насока на поголема интеграција, меѓусебно разбирање и решавање на можни недоразбирања или непријатности. На крајот се наведува дека за работата во одделението и разговорот со мајката известени се и наставниците и стручните соработници.

Во произнсувањето од [redacted] е наведено дека не била присутна во моментот на одржување на работилницата во врска со случајот кој е предмет на поднесената претставка. Именуваната наведува дека соработката со ученикот и родителот била на задоволително ниво, досега немала никаков проблем во комуникацијата и со родителот и со ученикот. Ученикот

културно се однесувал, ги извршувал зададените обврски и ги почитувал своите соученици.

Во делот од произнесувањето дадено од [redacted] е наведено дека уште при самиот упис во прво одделение од Комисијата за упис на првачиња и тогашното раководство не им бил доставен никаков документ или информација во врска со забавениот моторички развој и дислексија на ученикот [redacted] По долго убедување од нивна страна како наставнички дека сепак ученикот имал проблем и дека морало да се побара помош и од стручната служба и од Заводот за ментално здравје на деца и младинци сепак наишле на несоработка и непризнавање од страна на едниот родител на ученикот – мајката, а во врска со слабиот напредок и социјализацијата со другите ученици за што било евидентно отстапување од ученичката средина во однос на несоодветно однесување за возраста на ученикот кое евидентно потекнувало од неговото семејно опкружување. Се наведува дека забавениот развој и бавното совладување на материјалот било негирано цело време за да после неколку години конечно се признае и побара помош. Иако имало препорака од Заводот за работа по ИОП, сепак родителката не прифатила. Другиот родител според наведеното бил без забелешки. Во врска со случајот кога неколку девојчиња го терале ученикот [redacted] да ја бакнува WC школката, [redacted] наведува дека настанот не се случил во нејзина смена за што подоцна дознала и за истото упатува на произнесување од другата одделенска наставничка, [redacted] Советувањето околу овој настан го одржала психологот која потоа ја продолжила комуникацијата со мајката. Се наведува дека со ученикот максимално било работено од нивна страна и секогаш бил вклучен во сите училишни и вонаставни активности и настани како што се драматизација, рецитирање, читање и презентации за што наставничката наведува дека поседува докази, редовно биле одржување часови со дополнителна настава за што секогаш се влијаело кон прифаќање на ученикот од самата средина. Тој бил секогаш охрабрен, пофален и мотивиран од нивна страна. На крајот одделенската наставничка сите наводи за дискриминација ги отфрла како неосновани и тенденциозни во однос на нејзиното работење во училиштето како успешен педагошки работник.

Во делот од произнесувањето кое го дава директорката е наведено дека училиштето ООУ „Александар Македонски“ е посветено на обезбедување безбедна, инклузивна и поддржувачка средина за сите ученици. Предметната претставка е сериозно разгледана и веднаш се превземени конкретни чекори за истражување на случајот. Со оглед на периодот кога е поднесена, односно по завршување на училишната година реализиран бил состанок со сите засегнати страни и донесен бил заклучок дека во однос на грижата и работата со ученикот редовно и континуирано биле реализирани индивидуални часови за надминување на потешкотиите во совладувањето на наставните содржини, дадена била психолошка поддршка, индивидуално и во група на ученици, обезбеден бил годишен бесплатен пакет за третман во соработка со специјалниот едукатор на училиштето, одделенските наставнички давале поддршка и мотивација за време на наставата и активна

вклученост на ученикот во вonнаставните активности. За посочениот настан од страна на одделенските наставнички реализиран бил разговор со учениците, остварен бил разговор со мајката на ученикот, реализирана била работилница со учениците во паралелката од страна на психологот во училиштето. Директорката наведува дека од страна на одделенските наставнички не била известена дека родителката се обратила со барање за средба или вонредна родителска средба. Заклучува дека училиштето ќе продолжи со посветена работа за создавање на позитивна училишна средина за сите ученици.

Со цел правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата на 27.08.2024 година со Барање број 08-468/12 ја најави потребата од вршење увид во ООУ "Александар Македонски" од Скопје и остварување на службен разговор со одделенските наставнички [redacted] и вработените во стручната служба на училиштето. Увидот и разговорот беа одржани во просториите на училиштето на 29.08.2024 година што е утврдено на Записник број 08-468/13 од 06.09.2024 година. Во текот на службениот разговор, специјалниот едукатор г-а Искра Илкова наведе дека ученикот [redacted] не бил проблематичен ученик и доаѓал на индивидуални третмани. Обезбеден му бил пакет услуги во организацијата „Во Мојот свет" и имал проблеми единствено со читањето и пишувањето, односно имал логопедски проблеми. Со него не се работело по ИОП од причина што не бил категоризиран по МКФ со оглед дека од Заводот за ментално здравје било посочувано дека таквата негова состојба ќе се надмине. За мајката на ученикот, [redacted] посочи дека прифаќа да се работи со ученикот и самата го однела во Заводот заради утврдување на неговата состојба.

Педагогот во училиштето, [redacted] наведе дека минатата година неколку пати извршила индивидулна работа со ученикот поврзана со содржина од настава и часови. Истакна дека до сега немало никакви пријави за ученикот од негови соученици и нивни родители, а поврзани со неговото однесување. Во службата доаѓал сам, насмеан, одговарал на прашања, а она што педагогот го истакнува е дека ученикот бил весело дете. Посочи дека до сега немало незадоволство во рамки на неговото оддление и дека ова било прв пат да се случи такво нешто. Во врска со конкретниот настан наведе дека не била информирана што се случило и не била присутна па ќе остави останатите повикани да се произнесат.

Одделенската наставничка [redacted] истакна дека е точно дека непријатен настан се случил помеѓу ученикот и негови соученички и за истиот исконтактирала со специјалниот едукатор. Воедно разговарала со ученичките кои го поттикнале, а за наведеното истакнале дека на тој начин сакале да се пошегуваат. Наведе дека имала соработка со мајката на ученикот, дека таа прифаќала сугестии и предлози во однос на него. Констатира дека ваквата постапка на ученичките не е во ред, дека ученикот [redacted] е мирно дете, дека е весело дете, сака да комуницира, не е проблематичен и дека тоа го сторил за да во моментот излезе интересен во очите на другите деца. Наведе дека било разговарано и со родителите на ученичките и дека ученичките му се извиниле на соученикот.

Педагогот изнесе свој став дека најверојатно во конкретниот случај се работи за револт и акумулиран бес кај мајката на ученикот кон одделенската наставничка г-а [redacted]

[redacted] истакна дека разбира што во конкретниот случај сака да каже мајката на ученикот [redacted] и дека со неа и претходно имале соработка. Неколку пати се видела со ученикот индивидуално и воедно била во посета во одделението каде тој посетува настава. На ученикот му давала насоки за работење, цртање и истакнувала пофалби во однос на сработеното. Посочи дека е многу важен односот и пристапот кон учениците. Во врска со конкретниот настан истакна дека за истиот и била пренесена информација од специјалниот едукатор. Следниот ден кога отишла во одделението прво имала намера да им се обрати само на учениците кои биле инволвирани во случката, но сите ученици биле активни и соработливи па се отворил заеднички разговор. Во тој момент во училницата бил присутен и ученикот [redacted] кој на почетокот бил молчалив и мирен, а останатите ученици биле активни и се развила дискусија за тоа што тие би направиле како би им помогнале на наставничките, заради што би биле пофалени и слично. На прашање на членот – известител кое е мислењето на психологот, зошто од таа средба – работилница детето заминало вознемирено, психологот одговори дека тој не бил вознемирен додека бил присутен и дека доколку таа забележела такво нешто – ќе постапела поинаку. Посочи дека разговорот бил вообличен и со многу внимание. Во однос на другиот родител, таткото на ученикот, посочено беше дека заеднички градат и имаат добар однос и соработка со мајката.

Службен разговор беше остварен и со одделенската наставничка [redacted] која во врска со настанот наведе дека не се случил во нејзина смена и дека кога таа е на смена не користи ниту голем одмор од причина што има повеќе проблематични деца во одделението па поради тоа гледа да биде присутна како не би се случила некоја несакана ситуација. Во врска со ученикот истакна дека со него сеуште и понатаму треба да се работи за да учи да препознава ризик, што треба, а што не треба да прави. Од аспект на работилницата посочи дека разговарале општо со сите ученици во одделението и дека тие изјавиле дека такво нешто нема да се повтори. На констатација на членот – известител дека детето во случај на таков настан е изложено на јавен срам, наставничката истакна дека е убаво што е разговарано со сите и дека учениците кои го поттикнале ученикот биле искарани. Во врска со однесувањето на ученикот [redacted] наставничката наведе дека тој не прави проблеми на часовите, но понекогаш на големиот одмор знае да се однесува некоретно. Посочи дека ученикот слабо чита и слабо се изразува, а од нејзина страна ученикот секогаш бил пофален за сработеното. Констатира дека за се што наставникот ќе забележи кај ученикот треба да му се укаже на родителот и дека генерално недостасува комуникација.

Со цел еднаков третман на двете засегнати страни во постапката по претставката за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација побара и од подносителката [redacted] остварување на

службен разговор во врска со предметот на претставката. Истиот беше одржан во просториите на Комисијата на 11.09.2024 година, евидентирано на Записник 08-468/14 од 16.09.2024 година.

Во текот на службениот разговор подносителката наведе дека во период од три години се провлекувале несогласувања со наставничката [redacted] Наведе дека нејзиниот син [redacted] не е дете со пречки во развојот, туку кај него има утврден забавен моторички развој и во последниот период пелтечење. Кога на смена била наставничката [redacted] детето одбивало да следи настава. Последната случка е онаа опишана во претставката за заштита од дискриминација кога неколку соученички го терале ученикот да ја бакнува WC школката во тоалетот на училиштето. За случката мајката била информирана од страна на наставничката [redacted] на што таа посочила дека ќе разговара со ученикот дома. Во вечерните часови, една од мајките на соученичките и се јавила за да се извини за настанот. Наведе дека следниот ден психологот во училиштето бил во одделението во кое учи нејзиниот син за да одржи работилница за настанот од претходниот ден. Работилницата била во смената на наставничката [redacted], која според мајката ги инструирала останатите ученици да го навредуваат вербално ученикот [redacted] и да наведуваат постапки кои тој наводно ги правел, а за такво нешто мајката немала никакво сознание. Наведува дека по работилницата се сретнала со стручната соработничка – психолог во училиштето, која според мајката била изманипулирана од страна на наставничката [redacted] и истата почнала да го напаѓа вербално ученикот [redacted] и да го омаловажува и него и мајката и покрај тоа што тие и претходно остварувале успешна соработка.

Имено, во член 9 од Уставот на државата е уредено дека *Граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.*

Согласно член 4 став (1) алинеја 1 од Закон за основно образование[1], основното образование се развива, меѓудругото, и врз начелата на најдобар интерес и целосен развој на ученикот, како и на начелото на еднаквост, достапност, пристапност и инклузивност. Во согласност со член 5 став (1) од Законот, во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна

[1] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20

Македонија во остварување на правата од основното образование. Став (2) алинеја 1 од овој член утврдува дека се забранува секој облик и вид на дискриминација во основното образование во воспитно – образовниот процес, а став (4) уредува дека *вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство.*

Понатаму во член 7 во кој се уредени Целите на основното образование, во став (1) алинеја 2 се уредува дека: Целите на основното образование се обезбедување системски пристап за поттикнување на когнитивниот, социо - емоционалниот и психомоторниот развој на ученикот согласно со неговите развојни карактеристики, потенцијали и афинитети, алинеја 4 од овој став на истиот член уредува дека цел е и развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки, а алинеја 5 пак уредува дека цел на образованието е и воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права.

Во член 11 од Законот за основното образование е уредено дека: Инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование. Инклузивното образование вклучува промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите, за учениците со попреченост, со заедничка визија и убедување дека државата има обврска да обезбеди образование за сите деца. Инклузијата на сите деца во редовното основно образование се дефинира со Концепција за инклузивно образование, која ја донесува министерот за образование и наука на предлог на Бирото за развој на образованието.

Крајно, член 65 став (1) од законот уредува дека: Секој вработен во училиштето е должен да се грижи за најдобриот интерес на ученикот и да го почитува неговото достоинството, како и Конвенцијата за правата на детето.

Конвенцијата за правата на детето, која е ратификувана во согласност со Уставот на државата и законите и која е дел од внатрешниот правен поредок, во член 2 уредува дека државите членки ќе ги почитуваат и ќе ги обезбедуваат правата на секое дете содржани во Конвенцијата под нивна јурисдикција, без каква било дискриминација и без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вероисповед, политичко или друго убедување, национално етничко или социјално потекло, имотна состојба, неспособност, раѓање или друг статус на детето или неговиот родител или законски старател. Во член 28 од Конвенцијата утврдено е дека државите членки го признаваат правото на детето на образование, а со цел за постепено остварување на тоа право на основа на еднакви можности, додека пак во член 29 се утврдува дека Државите членки се согласни дека образованието на детето треба да биде насочено кон – развој на личноста на детето, развој на надареноста и менталните и физичките способности до крајни граници, - развој на почитувањето на правата на човекот и основните слободи, како и почитување на принципите содржани во Повелбата на

Обединетите нации, како и – подготовка на детето за одговорен живот во слободно општетство, во дух на разбирање, мир, толеранција ,еднаквост на половите и пријателство меѓу сите народи, етнички, национални и верски групи и лица со автохтоно потекло.

Концепцијата за инклузивно образование донесена со Решение на министер за образование и наука бр. 18-6577/1 од 06.07.2020 година, предвидува дека инклузивното образование е процес со кој се излегува во пресрет и се одговара на различните потреби на децата, младите и возрасните преку обезбедување пристап за зголемување на нивното учество во учењето во училиштето и во заедницата. Тоа вклучува разумно прилагодување на образовните содржини соодветни наставни приоди и стратегии како и организација на воспитно-образовниот процес воопшто, за да се овозможи квалитетно образование за сите. Инклузивното образование подразбира дека сите деца се вклучени и се прифатени со особено внимание на децата што може да бидат маргинализирани, дискриминарани или исклучени од образовниот систем. Концепцијата предлага мерки и стратегии со кои треба да се отстранат бариерите што го попречуваат спроведувањето на инклузивното образование и неговата одржливост. Во таа смисла значајно е секое училиште да може да ја препознае вредноста на различностите на своите ученици, да изнајде начини како да се почитуваат истите, да ја прилагоди наставата на индивидуалните карактеристики на секој ученик, да ги зголеми и мобилизира постоечките ресурси со кои располага со цел секој ученик да учи и да учествува во севкупното училишно живеење. Со оглед на тоа што инклузивното образование ги зема предвид индивидуалните потреби за развој на учениците давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образовани, Концепцијата за инклузивно образование ги дава насоките за вклучување, развој и образование на одредени групи ученици меѓу кои и ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проиблеми или со специфични тешкотии во учењето. Водечки принципи во инклузивното образование, меѓу останатите се и правичност или гаранција дека сите деца и ученици имаат пристап до неопходната поддршка за да го остварат својот потенцијал за учење и развој, - организирање на воспитно – образовниот процес по мерка на ученикот при што за видот на подршка се одлучува поединечно за секој ученик согласно неговиот потенцијал, потреби и интереси, - флексибилност – флексибилно организирање на наставниот план, наставната програма, училишниот простор и време за да се овоможи воспитно – образовниот процес преку примена на соодветни методи и активности да одговори на специфичностите и стиловите на учење на секој ученик или ученичка, - вклученост на родителите / старателите - имаат право на учество и информирање за сите аспекти од воспитно – образовниот процес на нивното дете. Наведените принципи во контекст на Република Северна Македонија може да се исполнат преку развој и имплементација на сеопфатниот училишен пристап што значи градење на капацитети во самото училиште за развој на инклузивна клима и обезбедување систематска поддршка на севкупниот воспитно–образовен кадар. Сеопфатниот

училишен пристап е вклучен во стратешките училишни документи и преку него се дефинирани чекорите за градење инклуивна училишна клима. Целта е да се постигне почитување на различностите, промовирање еднаквост, правичност, недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик.

Врз основа на сето гореизнесено, односно врз основа на наводите изнесени во претставката, произнесувањето по истата, како и целокупниот доказен материјал прибавен во постапката и врз основа на остварениот увид и службени разговори, беше утврдена следната фактичка состојба: малолетниот [redacted] е редовен ученик во ООУ "Александар Македонски" од Скопје. Кај ученикот е констатирано нарушување во ритамот и темпото на говор, пелтечење, како и потешкотии при совладување на училишните знаења и вештини за што, меѓудругото е препорачан индивидуален пристап на учењето и работа со специјален едукатор и педагог во училиште.Ученикот не е проблематичен ученик, според кажувањата на вработените во стручната служба тој остварувал индивидуални средби со специјален едукатор и педагогот, во однос на неговото однесување немало забелешки од страна на соучениците и нивните родители, соработувал и бил весело дете. Во текот на постапката е утврдено дека ученикот не е испратен да направи функционална проценка во стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци при ЈЗУ Здравствен дом Скопје, согласно член 16 став 6 од Законот за основно образование и член 13 од Правилникот за функционална проценка ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр.9 од 17.1.2023), туку само е побарано и доставено мислење од Заводот за ментално здравје на деца и младинци. <u>Врз основа на член 22 од Правилникот за функционална проценка, образовната установа му укажува на родителот/старателот за потребата за спроведување на функционална проценка, согласно сознанијата од непосредната работа со детето, што во конкретниот случај не е сторено</u>. Ученикот заклучно со трето одделение следел настава во одделение во кое одделенски наставнички биле г-а [redacted] Пред крајот на училишната 2023/2024 година на ученикот му се случил немил настан кога неколку соученички го поттикнувале (го терале) да ја бакнува WC школката во училишниот тоалет. Мајката на ученикот за овој настан дознала следниот ден и побарала средба со одделенските наставнички и вработените во стручната служба како и вонредна родителска средба која не и била дозволена. Следниот ден во рамки на одделението во присуство на сите ученици, а во смена на одделенската наставничка [redacted] била одржана работилница од страна на псхологот во училиштетето, [redacted] во врска со настанот кој се случил претходниот ден и на која се дискутирало за однесувањето на учениците, нивните постапки, како и последиците од истите. Присутен на работилницата бил и ученикот [redacted] што кај него предизвикало чувство на вознемиреност по заминувањето од училиште, а според сведочењето на неговата мајка. По одржувањрто на работилницата била остварена средба и помеѓу мајката на ученикот, [redacted] и психологот во училиштето

кога и е соопштено дека била одржана работилница во одделението на нејзиниот син и ѝ биле дадени совети и насоки за помош во постапувањето со ученикот во домот.

Со оглед на изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека кон малолетниот [redacted] ученик во ООУ "Александар Македонски" од Скопје е сторено вознемирување од страна на одделенската наставничка г-а [redacted] и психологот во училиштето г-а [redacted] вр основа на лично својство - забавен моторички развој, проблеми со говор и дислексија во областа на образованието, онака како е тоа опишано во член 10 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, односно *Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.* Имено, ученикот [redacted] првично бил жртва на врсничко вознемирување од страна на неколку негови соученички кои го терале да ја бакнува WC школката во училишниот тоалет, меѓутоа сериозноста и тежината на настанот станува уште поголема доколку се земе предвид дека за овој настан, во рамки на одделението во присуство на сите останати ученици била одржана работилница, а која била одржана во присуство на одделенската наставничка г-а [redacted] организирана од страна на психологот [redacted] Дотолку повеќе што токму вработените во училиштето, наставниците и стручните соработници требало да го имаат предвид фактот дека во конкретниот случај се работи за дете со забавен моторички развој, проблеми со говорот и дислексија и во своето постапување да појдат од принципот на најдобриот инетрес на детето, да спречат кај детето дополнително да се јави чувство дека е исмевано и изложено на јавен срам, а да обезбедат индивидуален пристап и соодветно надминување на проблемот.

Со оглед на горното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната препорака:

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** одделенската наставничка во ООУ "Александар Македонски" од Скопје, [redacted] и [redacted] во иднина да се воздржат од преземање на дејствија, постапки или практики кои за последица имаат дискриминаторски однос или вознемирување кон било кој ученик во училиштето по било кој основ и во понатамошното работење да се водат од принципот на најдобриот интерес на детето и постигнување на почитување на различностите, промовирање еднаквост, правичност, недискриминација и креирање услови и можности за учење и напредување на секој ученик на еднаква основа со другите.

Доколку не се постапи согласно препораките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
17.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД